Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 104/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Арбериа Дизајн (Арбериа Десигн) ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Веб-порталот „Фокус“ со текстот насловен „Груби ја поклони маичката со 8-ка на новинар кој прашуваше дали му ја испечатиле „Арбериа дизајн“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 10 април 2023 година, фирмата Арбериа Дизајн поднесе жалба за текстот со наслов „Груби ја поклони маичката со 8-ка на новинар кој прашуваше дали му ја испечатиле „Арбериа дизајн", објавена на 04.04.2023 година, на веб страницата на неделникот „Фокус" (www.fokus.mk). Во жалбата се наведува дека во предметниот текст се прекршени членовите: 2, 5 и 10 од Кодексот на новинарите.

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Дополнително, жалителот истакнува дека медиумот не користи јавни извори за да го потврди основот за тврдењето дека компанијата добила над 180 тендери во изминативе години во вкупен износ што е објавен во оспорената содржина. Жалителот наведува дека на порталот за е-набавки јавните податоци за добиените јавни набавки се достапни од 2020 година, преку што може лесно да се проверат информациите ако се пребара со името на компанија, а од нив не била побарана изјава за овој податок.

Понатаму, во жалбата стои дека нивниот ангажман во организацијата на свеченоста за Коридорот 8 за кој спомнува написот – воопшто не е „по нарачка ниту на Владата, ниту на г-нот Груби", па оттаму го сметаат за тенденциозно и манипулативно прашањето на новинарот дали „Арбериа Дизајн" ја печателе маичката на вицепремиерот. Во жалбата се вели дека тие биле ангажирани од страна на конзорциумот Бехтел & Енке, што може да се потврди директно со нив, а „анонимниот новинар на објавата на Фокус можел исто така да им се обрати за информација".

На крајот, жалителот забележува дека порталот покажува селективност кон компанијата во однос на искажаните информации за донациите кон политичка партија, така што ги става во контекст на деловниот раст на компанијата, а преку што се прави манипулација со јавното мислење и се лиферува тенденциозна дезинформација, што ја нарушува деловната репутација на компанијата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, стапи во контакт со Фокус и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од уредничката Ирена Мулачка се појаснува дека станува збор за најобична кратка вест пренесена на портал, па од таа причина нема ниту зошто да се бара компанијата за одговор.

Од Фокус додаваат дека оваа компанија е доста значајна за јавноста, затоа што и по новинарските пишувања во „Фокус", но и во сите други медиуми „таа е фирма, која ги добива речиси сите тендери поврзани со државни институции, а со кои управуваат кадри на ДУИ".

Во одговорот на веб-порталот се вели дека сите тие 180 договори споменати во текстот предмет на жалба се јавни и јавно објавени на веб страницата на Бирото за јавни набавки, како и на Бизнис мрежата, од каде се извадени сите други податоци, од тоа кој е сопственик, па сè до приходите. Во одговорот понатаму се појаснува дека оваа тетовска фирма победила и на тендерот на министерството водено од Артан Груби, за да ја организира прославата за одбележување на Рамковниот договор.

Во однос на делот каде што се тврди дека не барале одговори, од „Фокус" одговараат дека ја следат работата на оваа компанија во однос на добиените тендери од државните институции и досега имаат испратено официјални мејлови и тоа од страна на повеќе новинари, кои во неколку наврати пишувале за оваа компанија и ниту еднаш досега не добиле одговори.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членовите 2, 5 и 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот. Комисијата не констатираше дека во оспорената содржина има незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за содржина од јавен интерес, бидејќи станува збор за трошење јавни пари, тема од која се засегнати сите граѓани.

Во текот на расправата, член од Комисијата сметаше дека за оспорениот текст, медиумот требало да ја контактира и фирмата „Арбериа Дизајн", со цел да се чуе и нивната страна.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Другите членови на Комисијата сметаа дека такво нешто не било потребно, дотолку повеќе што во случајов станува збор за информирање од дневен настан, во кој новинарот на Фокус само пренел факти од тоа што го увидел на терен додека известувал. Притоа, на самиот настан била побарана и изјава од вицепремиерот Артан Груби, кој не одговорил прецизно на прашањето. Фокусот на оваа тема, како што заклучи Комисијата, не е фирмата Арбериа Дизајн, туку вицепремиерот Груби, кој можел на самиот настан да одговори на новинарското прашање што му било упатено.

Наспроти тврдењата на жалителот, Комисијата заклучи дека во вториот дел од текстот, кој на еден начин претставува „бекграунд", изворите што се користени се јавни, односно податоците за бројот на добиени тендери се јавно достапни. Членовите на Комисијата не можеа да најдат конкретен податок на кој се повикува, односно жали компанијата „Арбериа Дизајн", бидејќи никаде во жалбата не се тврди дека во оспорениот текст има некаква грешка или неточно известување.

Комисијата за жалби потсетува дека улогата на улогата на медиумите меѓу другото е да истражуваат и да анализираат како се трошат парите на државните и на јавните институции и воедно да отвораат прашања во однос на доделувањето на тендерите, доколку постои и најмал сомнеж за политичко или партиско фаворизирање, и се разбира, доколку е тоа поткрепено со факти, изјави или официјални извори/бројки/податоци.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува „Фокус", во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595